Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/6
30.04 2025 год.
СКОПЈЕ

**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# Б И Л Т Е Н

**БР. 6 -2024/2025**

**Скопје, 30.04.2025**

## С О Д Р Ж И Н А

Политика за обезбедување квалитет на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН (квалитетот во фокусот)..........................................................................................................107

Правилник за обезбедување квалитет..........................................................................109

Стратегија за обезбедување квалитет на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН.........................................................................................................................................114

Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН..........................................................................................126

РЕЦЕНЗИЈА на книга „БИЗНИС ЛОГИСТИКА“ од авторите Професор Емеритус Мирко Трипуноски, Проф. Д-р Лазар Арсовски и Д-р Маја Трупуноска.......................................129

# ПОЛИТИКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

## (КВАЛИТЕТОТ ВО ФОКУСОТ)

Американскиот Универзитет на Европа - ФОН во Скопје (во понатамошниот текст АУЕ - ФОН) промовира слобода, отвореност, инклузивност, автономија, како и разноликост на идеи, креативност, соработка и модернизација, со цел да биде интелектуално способна и општествено одговорна високообразовна институција, препознатлива по својот квалитет и посветеност.

Политиката за квалитет на АУЕ - ФОН претставува основа за воспоставување, проверка и унапредување на сите дејности и процеси на една сеопфатна високообразовна институција каква што е АУЕ - ФОН, во согласност со Законот за високото образование, националните стратегии за образование, Европската стратегија за универзитетите, насоките од Европската асоцијација за обезбедување на квалитет во високото образование (European Association for Quality Assurance in Higher Education - ENQA), ISO (International Organization for Standardization) - стандардите, националните прописи и принципите на болоњската декларација.

За успешно спроведување на Политиката за квалитет, АУЕ - ФОН поттикнува меѓусебна соработка на сите вработени (наставниот и ненаставниот кадар) и студентите, како и постојаната комуникација и соработка со Алумни заедницата, со другите високобразовни домашни и странски институции и стопанството. Целта на АУЕ – ФОН е преку квалитетно образование да обезбеди доверба и задоволство кај студентите, работодавците и вработените.

Политиката за квалитет на АУЕ - ФОН, која е насочена кон постојано унапредување на квалитетот на наставно-образовниот процес и научноистражувачката работа има за цел:.

- воспоставување и функционирање на организациската структура во согласност со законската регулатива;
- подигнување на квалитетот на наставата и студирањето;
- континуирано следење и подобрување на квалитетот на студиските програми;
- развивање на нови студиски програми во согласност со потребите на пазарот на трудот и развојните потреби на општеството и економијата;
- развивање заеднички студиски програми со странски универзитети;
- применување на современи методи, техники и методологија во образовниот процес согласно европските и светските трендови во високото образование, како и потребите на корисниците на високото образование;
- развивање на соработката на национално, регионално и меѓународно ниво со други високообразовни институции;
- поврзување со странски истражувачко-развојни институции за размена на искуства и стекнување нови знаења;

- вклучување во програми за мобилност на студентите, наставниот и административниот кадар;
- учество во домашни и меѓународни научноистражувачки проекти;
- унапредување на знаењето и компетенциите на наставниот и ненаставниот кадар;
- оптимално користење на материјалните и човечките ресурси;
- унапредување на квалитетот на научноистражувачката работа;
- развивање функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата и нивно вклучување во развојните планови на АУЕ - ФОН;
- унапредување на квалитетот на библиотекарските и информациските ресурси;
- унапредување на квалитетот на условите за работа, просториите и опремата;
- зајакнување на улогата на вработените и студентите во процесот на самоевалуација и оценување на квалитетот;
- континуирано следење и оценување на процесите за обезбедување квалитет.

Политиката за квалитет на АУЕ - ФОН ќе се реализира преку:

- професионален пристап во работењето и почитување на етичкиот кодекс;
- создавање на систем за обезбедување и контрола на квалитетот;
- постојана комуникација и одржување партнерски однос со корисниците на услуги што ќе доведе до исполнување на нивните барања во целост, во согласност со законските регулативи, стандардите и добрата пракса;
- подобрување на компетентноста на наставно-нучниот и административниот кадар преку континуирани обуки и вклучување во научноистражувачки проекти и меѓународни развојни програми;
- тимска работа, споделување на стекнатото знаење и можност за афирмација на секој вработен;
- учество на студентите во управувањето и одлучувањето, посебно во врска со прашањата што се од значење за квалитетот на наставата;
- континуирана соработка со стопанството;
- перманентно следење и преиспитување на поставените цели.
- Органите на управување на АУЕ - ФОН обезбедуваат разбирање, примена и одржување на Политиката за квалитет. Вработените и студентите на АУЕ - ФОН одговорно ја спроведуваат политиката за квалитет и даваат предлози за подобрување на системот за воспоставување, одржување и унапредување на квалитетот.

**Скопје, 19.03.2025** **Универзитетски сенат,**

**П р е т с е д а т е л**

__________________________

**проф. д-р**

**Радица Дишлиеска Граматикова**

Согласно член 19, став 2, точка 12 од Законот за високото образование и член 21, став 2, точка 4 од Статутот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, Универзитетскиот сенат на седницата одржана на 19.03.2025 го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ

### Општи одредби

**Член 1**

Овој Правилник ги уредува политиката, целта, намената, принципите, подрачјата, како и структурата и делувањето на системот за обезбедување квалитет на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (во понатамошниот текст: АУЕ - ФОН ).

**Член 2**

Политиката за квалитет на АУЕ - ФОН претставува основа за воспоставување, проверка и унапредување на сите дејности и процеси Универзитетот, во согласност со Законот за високото образование, националните стратегии за образование, Европската стратегија за универзитетите, насоките од Европската асоцијација за обезбедување на квалитет во високото образование - стандардите, националните прописи и принципите на болоњската декларација.

За успешно спроведување на политиката за квалитет, АУЕ - ФОН поттикнува меѓусебна соработка на сите вработени (наставниот и ненаставниот кадар) и студентите, како и постојаната комуникација и соработка со алумни заедницата, со другите високобразовни домашни и странски институции и стопанството.

**Член 3**

Основната цел на системот за обезбедување и управување со квалитетот е изградба на механизам за континуирано подобрување на квалитетот на работењето на АУЕ - ФОН и единиците во неговиот состав, односно постигнување на највисок степен на квалитет во наставно-образовната, научно-истражувачката, уметничката, стручната и административната дејност и единиците во неговиот состав, преку унапредување на сите процеси и нивните резултати.

Целта на системот за квалитет е воспоставување начела, критериуми и постапки за обезбедување квалитет во согласност со општоприфатените стандарди за обезбедување квалитет европскиот високообразоевн простор.

Основен услов за исполнување на целта на системот за контрола на квалитетот е критичкото согледување на состојбите на АУЕ - ФОН во приоритетните области, определени со овој Правилник и промовирањето култура на квалитет во сите сфери на работење на АУЕ - ФОН.

## Мерки и активности за обезбедување на квалитет

### Член 4

Осигурувањето на квалитет во исполнувањето на целта на политиката за обезбедување квалитет на АУЕ - ФОН вклучува:

- воспоставување и функционирање на организациската структура во согласност со законската регулатива;
- подигнување на квалитетот на наставата и студирањето;
- континуирано следење и подобрување на квалитетот на студиските програми;
- развивање на нови студиски програми во согласност со потребите на пазарот на трудот и развојните потреби на општеството и економијата;
- развивање заеднички студиски програми со странски универзитети;
- применување на современи методи, техники и методологија во образовниот процес согласно европските и светските трендови во високото образование, како и потребите на корисниците на високото образование;
- развивање на соработката на национално, регионално и меѓународно ниво со други високообразовни институции;
- поврзување со странски истражувачко-развојни институции за размена на искуства и стекнување нови знаења;
- вклучување во програми за мобилност на студентите, наставниот и административниот кадар;
- учество во домашни и меѓународни научноистражувачки проекти;
- унапредување на знаењето и компетенциите на наставниот и ненаставниот кадар;
- оптимално користење на материјалните и човечките ресурси;
- унапредување на квалитетот на научноистражувачката работа;
- развивање функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата и нивно вклучување во развојните планови на АУЕ - ФОН;
- унапредување на квалитетот на библиотекарските и информациските ресурси;
- унапредување на квалитетот на условите за работа, просториите и опремата;
- зајакнување на улогата на вработените и студентите во процесот на самоевалуација и оценување на квалитетот;
- континуирано следење и оценување на процесите за обезбедување квалитет и други активности.

### Член 5

Политиката за квалитет на АУЕ - ФОН ќе се реализира преку следните механизми (постапки):

- професионален пристап во работењето и почитување на етичкиот кодекс;
- создавање на систем за обезбедување и контрола на квалитетот;
- постојана комуникација и одржување партнерски однос со корисниците на услуги што ќе доведе до исполнување на нивните барања во целост, во согласност со законските регулативи, стандардите и добрата пракса;
- подобрување на компетентноста на наставно-нучниот и административниот кадар преку континуирани обуки и вклучување во научноистражувачки проекти и меѓународни развојни програми;
- тимска работа, споделување на стекнатото знаење и можност за афирмација на секој вработен;
- учество на студентите во управувањето и одлучувањето, посебно во врска со прашањата што се од значење за квалитетот на наставата;
- континуирана соработка со стопанството;
- перманентно следење и преиспитување на поставените цели.

**Член 6**

Мерките за следење, обезбедување и подобрување на квалитетот ги опфаќаат следните активности:

- преиспитување и подобрување на Политиката за квалитет;
- формирање и развој на институционална рамка на систем за управување со квалитет, пратење и преиспитување на сите области за обезбедување квалитет, утврдување на релевантни индикатори за квалитет и активности за преиспитување и унапредување на квалитетот за секоја дефинирана област;
- континуирано следење и усогласување со стандардите усвоени од Националниот совет за високото образование и научноистражувачката дејност и Агенцијата за квалитет во високото образование;
- задолжителна самоевалуација во сите области во интервал од најмногу 3 години, а по потреба и во пократки интервали;
- семестрално анкетирање на студентите преку анонимно пополнување на прашалник за квалитетот на наставно-образовниот процес, студиските програми, наставниот, соработничкиот и административниот кадар, функционирањето на стручните служби и друго;
- периодична анализа за проверка на квалитетот на образованието на АУЕ - ФОН во целина, која ќе ги утврди предностите/силните страни, слабостите, можностите и опасностите/заканите (Strengths, Weaknesses, Opportunities, Threats - SWOT анализа);
- следење и усовршување на активностите за реализација на корективните мерки предложени по анализата на податоците добиени преку постапките за следење на квалитетот;
- проширување на меѓународната соработка, особено преку спроведување заеднички студиски програми, размена на наставници, соработници и студенти и заедничко учество во научни проекти;
- стручно усовршување и едукација на сите субјекти вклучени во процесот за обезбедување и унапредување на квалитетот;
- општествената одговорност на Универзитетот преку обезбедување можности за студирање на студенти со посебни потреби и студенти кои припаѓаат на чувствителните групи;
- зајакнување на соработката со бизнис секторот и Алумни заедницата, како значаен извор на повратни информации во однос на квалитетот на студиските програми, стекнатите компетенции, примената на стекнатите знаења во пракса, портебата од доквалификација и друго;
- развој на програми за професионално усовршување на дипломираните студенти и друго.

**Области и субјекти за обезбедување на квалитет**

**Член 7**

Подрачја (области) за обезебдување на квалитет согласно Стратегијата за обезбедување на квалитет се:

- политики за обезбедување квалитет;
- подготвување, одобрување, континуирано пратење и периодична ревизија на студиските програми;
- учење, настава и вреднување насочено кон студентот;
- запишување и напредување на студентите, признавање и дипломи;
- наставен кадар, наставна и научноистражувачка и уметничка дејност;
- ресурси за учење и поддршка на студентите;

- управување со информации;
- информирање на јавноста;
- меѓународна соработка и интернационализација и
- периодично надворешно обезбедување квалитет.

**Член 8**

Системот за обезбедување на клвалитет се обезбедува преку следниве субјекти за обезбедување и унапредување на квалитетот:

- Совет на основачот,
- Универзитетскиот сенат,
- Ректорот,
- Генералниот секретар,
- Ректорската управа,
- Деканите на факултетите,
- Наставно-научните совети на факултетите,
- телата за обезбедување и унапредување на квалитетот,
- Комисија за развој и имплементација на политика за квалитет,
- Комисијата за самоевалуација,
- наставниците,
- соработниците,
- ненаставниот кадар,
- Студентското собрание и
- студентите

**Член 9**

Субјектите имаат право и обврска да учествуваат во активностите со кои се реализираат мерките за обезбедување и унапредување на квалитетот на АУЕ - ФОН. Правата и обврските на сите субјекти за обезбедување и унапредување на квалитетот се уредуваат со Статутот, општите акти, одлуките и документите кои ги донесуваат органите на АУЕ - ФОН.

АУЕ - ФОН, односно постојаните тела одговорни за обезбедување на квалитетот поттикнуваат развој на системот за квалитет на АУЕ - ФОН преку постојани активности, заради подобра ефикасност во сите дејности на Универзитетот, како и поголемо ниво на интеграција на АУЕ - ФОН.

**Надлежности на**
**Комисијата за развој и имплементација на политика за квалитет**

**Член 10**

Комисијата за развој и имплементација на политиката за квалитет е стручно и советодавно тело кое во соработка со другите органи и тела на АУЕ - ФОН ги планира, следи, анализира и управува со постапките за оценување на квалитетот на АУЕ - ФОН и предлага мерки за подобрување и зголемување на квалитетот.

Комисијата за развој и имплементација на политиката за квалитет има надлежност да:

- предлага стратегија и план на активности за обезбедување и управување со квалитетот;

- го следи остварувањето на Стратегијата, стандардите и процедурите за квалитет и предлага мерки за отстранување на воочените слабости, со цел подобрување на квалитетот;

- предлага критериуми, стандарди и постапки поврзани со обезбедувањето и управувањето со квалитетот;

- ја следи примената на правилата и процедурите за донесување, реализација и самоевалуација на студиските програми и предлага мерки за нивно унапредување;

- иницира и предлага начини и постапки за вреднување и обезбедување на квалитетот во настанообразовната, научноистражувачката и уметничката дејност на АУЕ - ФОН;

- ги анализира добиените податоци во областите на внатрешно обезбедување, унапредување и оценување на квалитетот на АУЕ - ФОН и единиците во неговиот состав;

- ја промовира политиката за квалитет на АУЕ - ФОН;

- врши и други работи од својата надлежност во согласност со овој правилник и Статутот на АУЕ - ФОН.

**Член 11**

Комисијата за развој и имплементација на политиката за квалитет ја сочинуваат по еден претставник од сите единици на АУЕ - ФОН, претставник од редот на административниот кадар и претставник од редот на студентите.

Комисијата ја избира Ректорската управа за временски период од четири години, за вработените на АУЕ - ФОН и една година за претставникот од редот на студентите. Членовите на Комисијата можат да бидат реизбрани уште еднаш.

Со Комисијата претседава Координаторот за управување со квалитет и иновации на АУЕ - ФОН.

**Член 12**

Комсијата за обезбедување на квалитет најмалку еднаш годишно доставува извештај за своето работење, со анализи и препораки, до Универзитетскиот сенатот на Универзитот.

**Завршна одредба**

**Член 13**

Овој Правилник стапува на сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот билтен.

**Скопје, 19.03.2025**

**Универзитетски сенат,**
**п р е т с е д а т е л**

**проф. д-р**
**Радица Дишлиеска Граматикова**

# СТРАТЕГИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

Стратегијата за обезбедување квалитет (во понатамошниот текст: Стратегија) е развоен документ во областа на воспоставување, следење и унапредување на системот за квалитет на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот). Определувањето на Универзитетот за постојано и систематско работење на унапредувањето на системот за управување со квалитет во сите области на своето дејствување е дефинирано со Политиката за квалитет на АУЕ – ФОН.

Во согласност со член 19 од Законот за високото образование, „Основна дејност на Универзитетот е да образува студенти и да ја развива науката и уметноста". Стратегијата за обезбедување квалитет ги дефинира основните цели и приоритети во рамките на дејностите кои ги извршува Универзитетот и има за цел да обезбеди основа за унапредување на системот за квалитет и да ги дефинира начините за остварување на таа цел. Стратегијата е постојан документ на Универзитетот кој периодично ќе биде преиспитуван, доплонуван и менуван и кој служи како основа за изработка на акциони планови во областа на управување со квалитетот (краткорочни, среднорочни и долгорочни).

Тргнувајќи од фактот дека високото образование е основа за развој на општеството засновано на знаење и на неговиот понатамошен економски и културен развој, како и основа за унапредување на демократијата и човековите права и слободи, мисијата на Универзитетот е преку образованието и научноистражувачката работа да овозможи нависоки академски стандарди и да обезбеди стекнување на знаења и вештини во согласност со потребите на општеството, националниот развој и потребите на пазарот на трудот. За таа цел Универзитетот е трајно определен за унапредување на квалитетот на високото образование во согласност со Законот за високото образование, националните стратегии за образование, националните прописи, принципите на болоњската декларација, Европската стратегија за универзитетите, насоките од Европската асоцијација за обезбедување на квалитет во високото образование (European Association for Quality Assurance in Higher Education - ENQA) и ISO (International Organization for Standardization) - стандардите.

Американскиот универзитет на Европа – ФОН е определен за отворена соработка, имплементација и постојано унапредување на системот на образование и квалитетот на студирање. Универзитетот се стреми да обезбеди функционална синтеза на традиционалното и иновативното образование со цел студентите да стекнат применливи знаења за денешницата која е обележана со глобален и мултидисциплинарен пристап на општествените процеси, со истовремено разивање на креативноста и самостојноста во работата, иновативното размислување, истражувачкиот дух и новите пристапи за решавање на проблемите. Универзитетот е место кое треба да создаде амбиент во кој студентите, наставниците и соработниците можат да ги остварат своите професионални интереси и да го зголемат своето знаење, при што секоја активност за обезбедување квалитет ќе биде препознатлива и вреднувана.

## 1. Цели

Стратегијата претставува основа за планирање и дефинирање на конкретни цели кои треба да бидат мерливи, изводливи, релевантни и временски определени. Универзитетот како свои долгорочни цели ги поставува:

- стратешко планирање на високото образование во согласност со потребите на пазарот на трудот;
- унапредување на квалитетот на наставата и студирањето;
- зголемување на квалитетот и обемот на научноистражувачката работа;
- зголемување на обемот на трансферот на знаења и технологии, примена и комерцијализација на резултатите од научната, истражувачката и уметничката работа;
- воспоставување и развој на концептот за доживотно учење;
- зголемување на меѓународната соработка и интернационализација на Универзитетот;
- подобрување на квалитетот на студиските програми;
- развивање на нови студиски програми во согласност со потребите на пазарот на трудот и развојните потреби на општеството и економијата;
- развивање заеднички студиски програми со странски универзитети;
- применување на современи методи, техники и методологија во образовниот процес согласно европските и светските трендови во високото образование, како и потребите на корисниците на високото образование;
- зголемување на соработката со странски истражувачко-развојни институции за размена на искуства и стекнување нови знаења;
- зголемување на бројот на корисници на програмите за мобилност на студентите, наставниот и административниот кадар;
- зголемено учество во домашни и меѓународни научноистражувачки проекти;
- унапредување на знаењето и компетенциите на наставниот и ненаставниот кадар;
- развивање функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата и нивно вклучување во развојните планови на АУЕ – ФОН;
- унапредуваље на квалитетот на библиотекарските и информациските ресурси; и
- унапредување на квалитетот на условите за работа, просториите и опремата.

Вака дефинираните долгорочни цели може да се постигнат со планирано управување со системот за квалитет, врз основа на правилно поставени краткорочни и среднорочни цели и реално планирани и доследно спроведени активности кои ќе обезбедат унапредување на квалитетот на Универзитетот во целина.

## 2. Мерки за обезбедување квалитет

Мерките за следење, обезбедување и подобрување на квалитетот ги опфаќаат следните активности:

- преиспитување и подобрување на Политиката за квалитет;
- формирање и развој на институционална рамка на систем за управување со квалитет, пратење и преиспитување на сите области за обезбедување квалитет, утврдување на релевантни индикатори за квалитет и активности за преиспитување и унапредување на квалитетот за секоја дефинирана област;
- континуирано следење и усогласување со стандардите усвоени од Националниот совет за високото образование и научноистражувачката дејност и Агенцијата за квалитет во високото образование;
- задолжителна самоевалуација во сите области во интервал од најмногу 3 години, а по потреба и во пократки интервали;
- семестрално анкетирање на студентите преку анонимно пополнување на прашалник за квалитетот на наставно – образовниот процес, студиските програми, наставниот, соработничкиот и административниот кадар, функционирањето на стручните служби и др.;
- периодична анализа за проверка на квалитетот на образованието на Универзитетот во целина, која ќе ги утврди предностите/силните страни, слабостите, можностите и опасностите/заканите (Strengths, Weaknesses, Opportunities, Threats – SWOT анализа);
- следење и усовршување на активностите за реализација на корективните мерки предложени по анализата на податоците добиени преку постапките за следење на квалитетот;
- проширување на меѓународната соработка, особено преку спроведување заеднички студиски програми, размена на наставници, соработници и студенти и заедничко учество во научни проекти;
- стручно усовршување и едукација на сите субјекти вклучени во процесот за обезбедување и унапредување на квалитетот;
- општествената одговорност на Универзитетот преку обезбедување можности за студирање на студенти со посебни потреби и студенти кои припаѓаат на чувствителните групи;
- зајакнување на соработката со бизнис секторот и Алумни заедницата, како значаен извор на повратни информации во однос на квалитетот на студиските програми, стекнатите компетенции, примената на стекнатите знаења во пракса, портебата од доквалификација и др.;
- развој на програми за професионално усовршување на дипломираните студенти.

Преку примената на мерките за обезбедување квалитет, Универзитетот обезбедува услови за постигнување на зголемена ефикасност во сите негови дејности.

## 3. Основни области за обезбедување квалитет

Стратегијата ги опфаќа основните области за обезбедување квалитет кои се наведени во Стандардите и насоките за обезбедување квалитет во европскиот простор на високото образование (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area - ESG), а тоа се:

1. Политики за обезбедување квалитет;
2. Подготвување, одобрување, континуирано пратење и периодична ревизија на студиските програми;
3. Учење, настава и вреднување насочено кон студентот;
4. Запишување и напредување на студентите, признавање и дипломи;
5. Наставен кадар, наставна и научноистражувачка и уметничка дејност;
6. Ресурси за учење и поддршка на студентите;
7. Управување со информации;
8. Информирање на јавноста;
9. Меѓународна соработка и интернационализација; и
10. Периодично надворешно обезбедување квалитет.

За секоја област за обезбедување квалитет треба се дефинираат: стандарди, цели, активности и примери од добрата пракса, кои детално ќе бидат утврдени во Акциониот план за обезбедување квалитет и Правилникот за обезбедување квалитет. Стандардите се однесуваат на опис на очекуваното ниво на барања и услови според кои се оценува квалитетот. Целите ја поставуваат референтната вредност кон која се тежнее во обезбедувањето квалитет и според која се проценуваат постигнувањата. Активностите се оние постапки со кои се постигнуваат поставените цели за обезбедување квалитет, преку определување на временската рамка, одговорните тела за спроведување на конкретните активности и показателите за успешноста на спроведувањето на одредена активност. Примерите од добрата пракса се однесуваат на постоечките активности чија примена дала позитивни резултати во подобрувањето на квалитетот на образовната, научноистражувачката, уметничката и стручната дејност.

### 3.1. Политики за обезбедување квалитет

Универзитетот има усвоена Политика за обезбедување квалитет која е јавно достапна и која е темел на кохерентниот состав на системот за обезбедување и унапредување на квалитетот. Политиката поддржува развој на култура на квалитет во која сите субјекти преземаат одговорност за квалитетот и се занимаваат со обезбедување квалитет на сите нивоа на Универзитетот. Политиката редовно се развива и се спроведува преку предвидените активности за обезбедување и унапредување на квалитетот.

Универзитетот треба да формира комисија за развој и имплементација на политиката за квалитет и да донесе стратешки документи и правни акти со кои се

уредуваат областите на делување, како и активностите и постапките за обезбедување квалитет и истите треба да бидат објавени на страната на Универзитетот. Единиците во состав на Универзитетот треба да донесат стратешки документи кои се во согласност со стратешките документи и правните акти на Универзитетот и кои истовремено ќе ги опфатат специфичностите на секоја единица поединечно.

Воспоставените механизми за обезбедување квалитет треба да функционираат на ниво на Универзитетот, како и на ниво на секоја единица во состав на Универзитетот со јасно дефинирани обврски и активности за обезбедување квалитет на секое ниво. Меѓу сите нивоа треба да има дијалог и соработка.

### 3.2. Подготвување, одобрување, континуирано пратење и периодична ревизија на студиските програми

Студиските програми се суштината на високообразовната мисија на Универзитетот. Тие им обезбедуваат на студентите академски знаења и вештини, вклучително и оние кои се преносливи и можат да влијаат на личниот развој на студентите и да најдат примена во нивните идни кариери. За таа цел Универзитетот треба да има формални процедури за подготвување, одобрување и следење на студиските програми, односно да донесе стратешки документи и правни акти со кои се уредува подготвувањето, одобрувањето и следењето на студиските програми. Особено внимание треба да се посвети при одобрувањето на новите студиски програми и нивната усогласеност со потребите на пазарот на трудот и општествената заедница. За одобрување на новите студиски програми треба да се утврдат јасни и транспарентни критериуми за нивно оценување.

Студиските програми мора да бидат дизајнирани да ги исполнат поставените целите и предвидените резултати од учењето. Квалификациите доделени во рамките на програмата треба да бидат јасно опишани и презентирани, упатувајќи на соодветното ниво на националната рамка на квалификации за високото образование, како и на рамката на квалификации на европскиот простор на високото образование. Потребно е континуирано пратење, периодична ревизија и оценување на студиските програми за да се утврди дали ги постигнуваат поставените цели, дали ги исполнуваат потребите на студентите и на општествената заедница и заради обезбедување на нивната релевантност и современост. Оценувањето треба да се врши според однапред утврдени индикатори за успешност, како што се:

- постигнувањето на резултати од учењето;
- односот на бројот на запишани студенти и студенти кои ги завршиле студиите;
- оптовареноста, напредувањето и проодноста на студентите;
- очекувањата, потребите и задоволството на студентите од студиската програма;
- вработувањето на дипломираните студенти и др.

Студиските програми треба редовно да се ревидираат и менуваат. Во процесот на ревидирање и менување треба да учествуваат студентите и другите релевантни

чинители. Собраните информации треба да се анализираат и студиските програми се прилагодуваат на современите потреби за да се избегне нивното застарување.

## 3.3. Учење, настава и вреднување насочено кон студентот

Во согласност со развивањето на новата парадигма за учење и образование насочено кон студентот (student-centered learning), студиските програми треба да се спроведуваат на начин што ги поттикнува студентите да преземат активна улога во процесот на учење, а вреднувањето на студентите да го одразува таквиот пристап.

Спроведувањето на учење, настава и вреднување насочено кон студентот вклучува:

- меѓусебно почитување меѓу наставниците и учениците;
- почитување и прилагодување на различностите на студентите и нивните потреби, истовремено обезбедувајќи приспособливи методи за учење;
- употреба на различни методи на настава и различни педагошки методи;
- обезбедување на еднакви услови за сите студенти кои полагаат во одреден временски период;
- оценување на знаењето според академските стандарди кои вклучуваат транспарентност, непристрасност и спречување на измами;
- оценување на резултатите од учењето според објавени критериуми за да се овозможи постигнување споредливи резултати за сите студенти;
- овозможување на алтернативни начини на полагање испити за студентите со инвалидитет, во согласност со нивните специфични потреби, но без нарушување на квалитетот и постигнувањето резултати од учењето;
- навремено добивање информации за резултатите од испитите;
- постоење на формална процедура за жалба и приговори на студентите во врска со резултатите од испитите, вклучувајќи и пријава на корупција;
- дефинирање на постапките за завршен испит (дипломски, специјалистички, магистерски труд);
- анализа на постигнатите резултати и исходи од учењето од страна на студентите во текот на академската година.
-

## 3.4. Запишување и напредување на студентите, признавање и дипломи

Универзитетот има документи и правни акти со кои се регулира запишувањето и напредувањето низ студиите, како и признавањето на постигнатите резултати од учењето, особено кога студентите се мобини во рамки на Универзитетот или меѓу домашните и странските универзитети, во согласност со националните прописи, Лисабонската конвенција за признавање и соработката со агенциите за обезбедување квалитет.

По завршувањето на студиите, студентите мораат да добијат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенциите, резултатите од учењето и степенот на образование, на јасен, разбирлив и сеопфатен начин.

## 3.5. Наставен кадар, наставна и научноистражувачка и уметничка дејност

Улогата на наставниот кадар е клучна во создавањето висококвалитетно студентско искуство и стекнување знаења, компетенции и вештини. Поголемото фокусирање на исходите од учењето бара настава насочена кон студентот со што се менува улогата на наставниците.

Универзитетот мора да обезбеди квалитет и стручност на своите наставници. Со квалитетна настава наставниците ги мотивираат учениците, ја поттикнуваат нивната самостојна работа и овозможуваат постигнување на исходите од учењето. Бидејќи наставниците се најважниот образовен ресурс достапен за сите студенти, Универзитетот мора да обезбеди квалитетни наставници кои целосно ја познаваат и разбираат областа во која им е доделено наставно-научното звање, ги имаат потребните компетенции и искуство за настава и се отворени и подготвени за подобрување на нивните наставни компетенции. Воедно, квалитетната настава е неделива од научното или уметничкото истражување на наставниците, кои на тој начин придонесуваат за развојот на областа во која се избрани и која е поврзана со нивното напредување во кариерата. Поради тоа, Универзитетот го зајакнува истражувачкиот профил преку зголемување на квалитетот на истражувањата и на научноистражувачките трудови, книги, монографии стручни трудови и слично.

Универзитетот е одговорен за квалитетот на своите вработени и за обезбедување на соодветна средина која овозможува ефикасна работа и при тоа:

- воспоставува јасни, транспарентни и правични процеси на вработување, со работни услови во кои се препознава важноста на наставниот процес;
- се грижи оптоварувањето на наставниот кадар да биде балансирано и во согласност со законските прописи;
- нуди можности за професионален развој на наставниот кадар;
- поттикнува научна работа со која се засилува врската меѓу образованието и науката;
- поттикнува иновации во наставните методи и употреба на нови технологии;
- обезбедува пристап до релевантни електронски бази од областите на студиските програми;
- воспоставува систем на академски интегритет и спречување плагијаризам.

За успешноста во наставниот процес, наставниците треба да добијат повратна информација за нивната работа. Работата на наставниците треба континуирано да се оценува преку студентски анкети и на други погодни начини со цел подобрување на работата на наставникот и унапредување на наставниот процес.

## 3.6. Ресурси за учење и поддршка на студентите

Универзитетот треба да обезбеди соодветни и неопходни образовни ресурси за секоја понудена програма, притоа имајќи ја предвид различноста на студентската популација. За успешно студирање потребно е да се обезбедат ресурси кои ќе им помогнат на учениците во учењето и на наставниците во реализирањето на наставата.

Ресурсите за учење и поддршка на студентите вклучуваат:

1. физички ресурси, како што се:
- простор;
- опремена библиотека согласно меѓународните стандарди за високообразовни библиотеки;
- доволен број примероци од задолжителната литература во печатена или електронска верзија, во согласност со националните прописи, односно минимум 10% од предвидениот број на запишани студенти;
- доволен број примероци од дополнителната литература во печатена или електронска верзија, во согласност со националните прописи, односно минимум 5% од предвидениот број на запишани студенти;
- обезбедена литература и наставни материјали во алтернативни формати за студентите со инвалидитет;
- простор предвиден за читална за индивидуална и тимска работа на студентите;
- компјутерска опрема и лаборатории;
- просторија наменета за студентското собрание;
2. човечки ресурси како што се:
- обезбедени термини за консултации на студентисте со наставниот кадар;
- обезбедена поддршка на студентите во смисла на советување, менторство/туторство и следење на студентите во текот на студиите и центар за кариера;
- обезбедени услуги за поддршка за студентите со инвалидитет;
- административни услуги.

Системот за поддршка за е-учење е важен ресурс за учење и настава и истиот треба континуирано да се подобрува и надградува.

Сите ресурси мора да бидат лесно достапни за студентите, да ги задоволуваат нивните потреби и да бидат отворени за повратни информации од оние кои ги користат. Универзитетот треба редовно да ја следи, прегледува и подобрува ефективноста на системот за студентска поддршка.

## 3.7. Управување со информации

Универзитетот треба да има треба да методи за собирање, анализирање и користење на релевантни информации за функционирањето на Универзитетот и единиците во неговиот состав, кои се клучни за ефикасно следење и обезбедување квалитет, подобрување на студиските програми, наставно-образовниот процес, научно-истражувачките и другите активности.

Системот за информации овозможува собирање и обработка на информации поврзани со студиите, студентите и наставниците и е особено важен во процесите на одлучување на Универзитетот и неговите единици. Студентите и вработените треба да бидат вклучени во процесот на давање и анализа на информациите и планирањето на активностите врз основа на нив. Пожелно е да се собираат информации и од работодавците и Алумни заедницата.

Со помош на добиените информации, нивното групирање и анализа се следи:

- напредувањето и успехот на студентите во текот на студиите;
- задоволството на студентите од студиската програма и успешноста во реализирањето на истата;
- задоволството на студентите од наставниот кадар;
- задоволството на студентите од административните служби;
- основните податоци за студентската популација;
- податоци за вработеноста на дипломираните студенти и друго.

Добиените информации даваат увид за добрите страни и слабостите на кои треба да им се обрне посебно внимание и да се преземат активности за нивно подобрување.

## 3.8. Информирање на јавноста

Универзитетот треба редовно да објавува јасни, точни, прецизни, објективни, валидни и лесно достапни информации за својата работа, притоа водејќи сметка за заштитата на личните податоци и Законот за право на пристап до информации. Тука спаѓаат информациите поврзани со:

- студиските програми што се изведуваат на единиците на Универзитетот;
- критериумите за запишување;
- очекуваните резултати од учењето;
- стекнатите квалификации;
- процедурите кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето;
- стапките на проодност;
- јавните одбрани на завршни трудови;
- информации за потенцијално вработување на дипломираните студенти; и др.

Информациите за работата на Универзитетот и неговите единици се корисни за сегашните и идните студенти, како и за поранешните студенти, другите засегнати страни и јавноста.

## 3.9. Меѓународна соработка и интернационализација

Меѓународното опкружување придонесува за подобрување и зголемување на компетенциите на сите ученици во дејностите на Универзитетот, а воедно поттикнува разбирање, снаоѓање, комуникација и работа во мултикултурна средина. Меѓународната соработка на Универзитетот се одвива преку склучување на мултилатерални и билатерални договори со странски високообразовни институции,

кои се основа за учество во меѓународни проекти и програми за мобилност. Преку јавни повици, заинтересираните студенти, наставниот и ненаставниот кадар се охрабруваат да учествуваат во меѓународни програми за мобилност. За стекнатите резултати од учењето на сродните предметни програми на студентите кои учествувале во меѓународни програми за мобилност мора да има регулирана постапката за признавање на истите.

Во областа на меѓународната соработка и интернационализација на Универзитетот потребно е:

- воспоставување поширока соработка со водечките високообразовни институции во светот;
- воспоставување соработка со признати наставници од други држави и нивно ангажирање како визитинг професори;
- создавање услови за вклучување на наставници и соработници од АУЕ – ФОН на студиски програми кои се реализираат на странски универзитети;
- организирано учество на студентите на национални, регионални и меѓународни натпревари, со што ќе се добие комплетна и објективна оцена за квалитетот на високото образование кое се стекнува на АУЕ –ФОН.
- зајакнување на иновативните капацитети преку сеопфатна соработка со странски универзитети, институции и огранизции;
- размена на информации кои се од значење за трансферот на знаења и технологии;
- соработка со странски универзитети во областа на науката и високото образование, кои можат да придонесат за развојот и угледот на АУЕ – ФОН;
- развој на заеднички студиски програми во сите циклуси на образование;
- организирање на заеднички меѓународни научни конференции и други меѓународни собири, семинари, школи;
- функционално поврзување на ресурсите со цел заедничко зајакнување на капацитетите.
- учество во програмите за мобилност на студенти, наставен и ненаставен кадар во рамки на Еразмус плус програмата и други програми за мобилност, при што треба да се внимава на пропорционалноста на оние кои одат на странски универзитети и оние кои доаѓаат на АУЕ – ФОН;
- самостојно учество во научно-истражувачки и развојни меѓународни проекти;
- партнерско учество во големи научно-истражувачки и развојни меѓународни проекти;
- иницијатор, носител и координатор на научно-истражувачки и развојни меѓународни проекти;

## 3.10. Периодично надворешно обезбедување квалитет

Обезбедувањето квалитет е тековен процес кој не завршува со процесот и мерките за обезбедување и унапредување на квалитетот кои ги презема Универзитетот. Надворешното обезбедување на квалитет може да ја потврди ефективноста на внатрешното обезбедувањеа квалитетот, да дејствува како катализатор за промени и да

понуди нови перспективи за Универзитетот. Надворешното обезбедување квалитет на Универзитетот треба да му даде информации кои го потврдуваат квалитетот на работата на Универзитетот, како и насоки за подобрување на квалитетот.

## 4. Субјекти за обезбедување и унапредување на квалитетот

Субјекти за обезбедување и унапредување на квалитетот се сите вработени на Универзитетот и студентите:

- Управниот одбор,
- Сенатот,
- Ректорот,
- Ректорската управа,
- Деканите на факултетите,
- Наставно-научните совети на факултетите,
- Телата за обезбедување и унапредување на квалитетот,
- Комисија за развој и имплементација на политика за квалитет;
- Комисијата за самоевалуација,
- Наставниците,
- Соработниците,
- Ненаставниот кадар,
- Студентското собрание, и
- Студентите

Тие имаат право и обврска да учествуваат во активностите со кои се реализираат мерките за обезбедување и унапредување на квалитетот на Универзитетот. Правата и обврските на сите субјекти за обезбедување и унапредување на квалитетот се уредуваат со Статутот, општите акти, одлуките и документите кои ги донесуваат органите на Универзитетот.

Универзитетот, односно постојаните тела одговорни за обезбедување на квалитетот, треба да поттикнуваат развој на системот за квалитет на Универзитетот преку постојани активности, заради подобра ефикасност во сите дејности на Универзитетот, како и поголемо ниво на интеграција на Универзитетот.

## 5. Акционен план

За спроведување на оваа стратегија, Комисијата за развој и имплементација на политиката за квалитет ќе подготви Акционен план за сите области. Во овој план ќе бидат прецизирани целите, мерките и активностите, органите/телата кои ќе бидат одговорни за спроведување на мерките, крајните рокови за реализација на планираните активности и мерливите индикатори за контрола на реализацијата.

## 6. Систем за обезбедување квалитет

Заради континуирано обезбедување и зголемување на квалитетот и спроведување на предвидените активности, на Универзитетот се формираат постојани и привремени работни тела составени од наставници, соработници, ненаставен кадар и студенти, со прецизно утврдени надлежности за следење, проценка и развој на квалитетот во сите области на делување на Универзитетот.

**Скопје, 19.03.2025**

**Универзитетски сенат,**
**П р е т с е д а т е л**

**проф. д-р**
**Радица Дишлиеска Граматикова**

Согласно член 40 и член 94, став 1, точка 31. од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018 и Службен весник на РСМ бр. 178/2021), член 62, точка 31 од Статутот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, Универзитетскиот сенат на седницата одржана на 19.03.2025 година, донесе

# У П А Т С Т В О
## ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

### Општи одредби

**Член 1**

Со ова Упатство се уредуваат постапките за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН (АУЕ - ФОН).

**Член 2**

Самоевалуација на АУЕ - ФОН врши Комисијата за самоевалуација, на начин и според услови определени со Законот за високото образование, Статутот на АУЕ - ФОН и други општи акти на Министерството за образование и наука и Агенцијата за квалитет на високото образование.

### Постапка на самоевалуација

**Член 3**

Постапката за самоевалуација започнува и се спроведува координирано на сите единици во состав на АУЕ - ФОН.

По завршувањето на постапката за самоевалуација на единиците во состав на АУЕ - ФОН, започнува и постапката за самоевалуација на Универзитетот.

АУЕ - ФОН во постапката за самоевалуација ги користи податоците од извештаите за самоевалуација на единиците во негов состав.

### Стандарди и индикатори за квалитет

**Член 4**

Стандардите за квалитет во високото образование се:

- Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет;
- Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми;
- Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот;
- Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати;

- Стандард 5 - Наставен кадар;
- Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите;
- Стандард 7- Управување со информации;
- Стандард 8 - Информирање на јавноста и
- Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација.

## Извештај за самоевалуацијата

### Член 5

Комисијата за самоевалуација, изготвува аналитички извештај за резултатите од самоевалуацијата. Извештајот за сомоевалуација содржи и:

- оценка на состојбата и
- предлози и мерки за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на единицата.

Составни делови на извештајот за самоевалуацијата се:

- анкета на студентите за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар;
- анкета за општите услови за студирање;
- анкета за општите услови за работа на наставниот кадар и
- анкета за општите услови на стручно-административниот кадар.

### Член 6

Анкетата за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар се спроведува за секој предмет одделно, на прв и втор циклус на студии, за секоја академска година, на крајот на семестарот.

Анкетата за општите услови за студирање, анкетата за општите услови за работа на наставниот и анкетата за општите услови за работа стручно-административниот кадар се спроведува во секоја академска година.

Анкетата се спроведува во електронска форма на стандардизиран образец.

Пополнувањето на анкетата е задолжително за студентите, наставниот и стручниот и административниот кадар.

Резултатите од претходно наведените анкети се вклучуваат во Извештајот од самоевалуација.

## Објавување на извештајот за самоевалуацијата

### Член 7

Извештајот за самоевалуацијата задолжително се објавува на интернет-страницата на единицата на АУЕ - ФОН.

### Член 8

Самоевалуацијата се спроведува на секои три години.

## Акциски план

### Член 9

Врз основа на Извештајот за самоевалуација Универзитетскиот сенат донесува годишен акциски план, со конкретни мерки за отстранување на евентуалните слабости и унапредување на квалитетот, насоки за негово спроведување, дополнителни

индикатори за квалитет и план за следење на реализацијата и континуирано унапредување.

За реализација на акцскискиот план на се изготвува годишен извештај.

**Завршна одредба**

**Член 10**

Ова Упатство стапува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот билтен.

**Скопје, 19.03.2025**

**Универзитетски сенат,**
**п р е т с е д а т е л**

**проф. д-р**
**Радица Дишлиеска Граматикова**

**РЕЦЕНЗИЈА**

**на книга „БИЗНИС ЛОГИСТИКА" од авторите Професор Емеритус Мирко Трипуноски, Проф. Д-р Лазар Арсовски и Д-р Маја Трупуноска**

Со Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки, во состав на Американскиот Универзитет на Европа ФОН во Скопје, донесена на 17.03.2023 година, со архивски број __________, определена е комисија за оцена/рецензија на понудената книга со наслов „**БИЗНИС ЛОГИСТИКА**" од авторите: Професор Емеритус Мирко Трипуноски, проф. Д-р Лазар Арсовски, Д-р Маја Трупуноска.

Комисијата во состав:

1. **Проф. Д-р Саво Ашталкоски**
2. **Проф. Д-р Драшко Атанасоски**
3. **Проф. Д-р Борче Сибиноски**

сериозно ја проучија доставената книга, понудена и реализирана од авторите, па до Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при АУЕ-ФОН Универзитетот во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**I. ОПШТ ДЕЛ**

**Основни податоци за книгата**

| | | |
|---|---|---|
| **Назив на книгата:** | „ БИЗНИС ЛОГИСТИКА " | |
| **Назив на предметната програма:** | Економски науки | |
| **Назив на студиска програма:** | Деловна Економија<br>-Маркетинг<br>-Бизнис менаџмент<br>-Финансии | |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 1. Бизнис логистика, часови ___, кредити _____<br>2. Маркетинг логистика, часови ___, кредити _____ | |
| Предметот "БИЗНИС ЛОГИСТИКА" на Факултетот за економски науки е задолжителен предмет и се слуша во IV година | | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание | |
| **Општи податоци за ракописот:** | Книгата што е предадена и рецензирана за учебно помагало содржи 387 страници (Б5-формат), напишани на електронски носач, со големина на фонтот 12. Книгата е стуктурирана во единаесет тематски подрачја, дополнително со листа на прилози и список на користена литература. | |

**Рецензенти:**

**1. Проф. Д-р Саво Ашталкоски _______________**

**2. Проф. Д-р Драшко Атанасоски _______________**

3. Проф. Д-р Борче Сибиноски _______________

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТИТЕ:

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Продажбата, каналите и дистрибуцијата ги опфаќа сите институции на маркетингот неопходни за производителот кратко, ефикасно и рентабилно да дојде во контакт со својот избран пазарен сегмент - пазар, потрошувачи и корисници. Срцевината, во најширока смисла на зборот, на политиката на пласманот ја подразбира функцијата на маркетингот како процес и систем на размена, што се случува помеѓу поединци, т.е. граѓани како купувачи, потрошувачи и корисници, и организацијата како добавувач или продавач, односно како процес на размена помеѓу организацијата од една страна, како купувач, потрошувач и корисник, а од друга страна како добавувач или продавач. Во таа смисла, маркетинг пласманот во рамките на маркетингот како процес, опфаќа низа активности што овозможуваат да дојде до размена, односно до трансакција на производи или услуги за пари, а за разлика од комерцијалното работење, што претпоставува агресивна продажба, филозофијата на маркетингот и нејзината имплементација во системот на организацијата на претприемачкото општество овозможува маркетинг пласманот да се движи сам по себе.<br>Функцијата на маркетингот е да ги идентификува или да ги креира потребите, желбите и проблемите на потрошувачите, кога се однесуваат на побарувачка на определени марки на производи и услуги, кои со координирани акции на менаџерско- комбинираните инструменти на маркетинг миксот за да придонесе за хиерархиското организирање на потребите, желбите и проблемите на потрошувачите. Во согласност со маркетинг планот и програмата на производителите како добавувачи, така и целта и задачите на маркетинг пласманот како потребна количина на одредени марки на производи и услуги навреме да му бидат на располагање на потрошувачот, со цел тој да ги задоволи своите потреби, желби или ги реши своите проблеми, би се оствариле во целост. Производителот во современите услови на пазарното производство, во најголем број случаи, го изгубил контактот со директните потрошувачи, додека функцијата на поврзувањето ја презеле голем број маркетинг институции<br>Во овој труд станува збор за **бизнис логистички маркетинг,** односно маркетинг на производни добра, каде што производителот на добра има многу причини да биде постојано во контакт со целните купувачи. Во таа смисла, од гледна точка на маркетингот се јавуваат три основни проблеми:<br>- Избор на канали на дистрибуција;<br>- Физичка дистрибуција, односно маркетинг логистика;<br>- Избор на оптимална комбинација според која производителот ќе остане во контакт со крајните потрошувачи.<br>Остварувањето на маркетинг каналите како продажба и маркетинг логистиката (физичка дистрибуција) подразбира донесување на бројни одлуки на маркетинг институциите, кои ќе ги извршуваат сите потребни активности и функции потребни во движењето на производите од производството до потрошувачката.<br>Во овој труд акцент е ставен на два основни дела како што |

| | |
|---|---|
| -ТЕМА БРОЈ 1: МАРКЕТИНГ | следи:<br>- **Избор на маркетинг канали и маркетинг дистрибуција**, што ги опфаќа активностите на производителот. Тие треба да доведат до одлука како ќе се користат посредниците или, пак, производителот самостојно ќе настапи на пазарот, и<br>- **Избор на системот на физичка дистрибуција со маркетинг логистика**, во кој е вклучен збирот на активности како транспорт, складирање, осигурување, приспособување, збогатување итн., и го овозможуваат дотурот на стоки од местото на производство до местото на потрошувачка.<br>Авторите, во основа, го застапуваат и го обработуваат фактот дека комбинирањето на инструментите на маркетинг миксот и неговиот менаџмент со претприемачки водената фирма со комуникативните и оперативните цели и задачи на секоја фирма што стопанисува и сака да оствари профит низ:<br>- ***Комуникативните задачи***, кои го означуваат пренесувањето на стандардни производи на потрошувачите, задоволувањето на нивните потреби и желби, решавањето на нивните проблеми, со оформена цел задоволниот купувач да стане трајно верен на марката на производот, на добавувачот или на фирмата.<br>- ***Оперативните задачи***, се однесуваат на отстранувањата во размената. Со цел потрошувачите, кои имаат желба, но и потреба, да извршат трансакција на согледаниот производ и да бидат во можност ој производ да го купат.<br>- ***Трансакциски бариери***, во основа, ги карактеризираат активностите, што ги определуваат местото или достапноста на производот, времето или достапноста на производот, сопственоста или користењето на производот, перцепцијата, идентификацијата или препознавањето на производот, вредноста што потрошувачите ја оценуваат од финансиски аспект за кој се подготвени да го платат. Цената на производот ќе биде условена од трговското друштво во купопродажната трансакција.<br>Од овие причини, во овој труд е обработена основната задача на комбинирањето на инструментите на маркетинг миксот, со кој ќе се дојде до решенија што имаат траен карактер, кои ќе стекнат трајна лојалност кај купувачите и ќе остварат синергетски ефект, во рамки на маркетинг пласманот како инструмент на маркетинг миксот. Во тој процес се осигурува улогата на размена помеѓу производителите и потрошувачите, во кој се крати патот помеѓу производството и потрошувачката, а тоа е одговор на прашањето како и кому ќе му се продава во каналот и по кои канали ќе се дистрибуира.<br><br>Цели на темата:<br><br>- Анализирање на функциите на маркетинг логистиката, во своето растечко теоретско и деловно профилирање во пазарното опкружување на маркетинг концептот на компаниите, |

| | |
|---|---|
| **ЛОГИСТИКА (ФИЗИЧКА ДИСТРИБУЦИЈА)** | маркетинг деловниот инструментариум и ориентација во логистичкото управување;<br>- Значење и позиционирање на логистичката деловност во претпријатието, појдовно одредување на основните логистички термини и креирање на логистичката вредност;<br>- Воведување и анализа на логистички трошоци, како дел на новонастанатата вредност на макро и микро ниво;<br>- Клучни активности на логистичкиот маркетинг менаџмент на базните логистички работи и меѓузависностите на логистичките активности и нивните трошоци. |
| **ТЕМА БРОЈ 2: ЛОГИСТИКА И ЛОГИСТИЧКИ МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ** | - Развој на логистичкиот маркетинг менаџмент, фактори кои доведуваат до зголемен интерес за логистика, камати на дистрибуција и логистика<br>- Постигнување модел на маркетиншки канали во процесот на дефинирање, постоење на маркетиншките последици, типови и избор на канали за маркетинг<br>- Воспоставување на канали за физичка дистрибуција, појдовни, суштински и видливи канали на физичка дистрибуција, контролирани од потрошувачите и од малопродажбата и фактори за избор на канали за физичка дистрибуција од аспект на малопродажбата |
| **ТЕМА БРОЈ 3: ЛОГИСТИКА, РАЗВОЈНИ СИСТЕМИ, ПОДСИСТЕМНИ АКТИВНОСТИ** | - Развојни системи, организација и маркетинг менаџмент логистика;<br>- Разбирање на стратешката организација, алтернативи и логички активности;<br>- Позиционирање на логистиката во деловниот систем на организацијата;<br>- Препознавање на концепти и типови на логистичка организација;<br>- Познавање на промотери и логистички провајдери;<br>- Значење на менаџерите во маркетинг логистиката, кариерата и |

| | |
|---|---|
| | вреднувањето на логистичкиот менаџмент |
| **ТЕМА БРОЈ 4: ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И ЛОГИСТИКА** | - Да се проучат основните законитости во организацијата на фирмите, основната рамка на глобалната логистика,<br>- Да се анализираат глобалната организација, нивната диспозиција и импровизација во светските системи на глобалната логистика,<br>- Да се препознаат важностите на структурата на логистичкиот систем, видовите и статисфакцијата на организацијата на логистичкиот глобален систем во целина |
| **ТЕМА БРОЈ 5: ЛОКАЦИЈА** | - Да се препознае проблемот на локацијата при изборот на оптимална употреба на складишниот простор;<br>- Да се разбере улогата на капацитетите за складиштење, поимот, фактите, закупнината и манипулативните трошоци;<br>- Да се проучи процесот на технологијата на складирање, видови складишна техника, помошни технички средства, набавките, техниките на складиштење и складишните транспортни средства;<br>- Да се совладаат различните процеси на пакување на стоката за складирање при избор на оптимална амбалажа, логистичката единица и модуларното пакување на стоките |
| **ТЕМА БРОЈ 6:** | - Да се разбере аспектот на управување со залихите во претпријатијата и водење на активна политика во обновување на залихите;<br>- Диференцијали на видови на залихи и системи на долгорочност на залихите во претпријатијата;<br>- Значењето на континуираните системи за дополнување на залихите, нивото на оптимални и безбедносни залихи во соодност со економската големина на претпријатието;<br>- Проучување на периодичните системи за управување со залихите , нивниот интервал на обновување и новото до кое се врши пополнувањето на залихите. |

| | |
|---|---|
| **УПРАВУВАЊЕ СО ЗАЛИХИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА** | - Логистиката во туризмот е деловна функција која настанала од потребата да се намалат просечно ангажираните средства во фирмата и да се забрза нивната циркулација во деловните процеси<br>- Во логистиката на туризмот и нејзината деловност се спојуваат сите активности врзани за развојот, планирањето и организацијата на протокот на материјали, информации и вредности во областа набавката , производството, складирањето, транспортот, дистрибуцијата и згрижување на отпадот, но и сериозната обрљаботка на туристичките информации |
| **ТЕМА БРОЈ 7: ДЕЛОВНА ЛОГИСТИКА НА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО ТУРИЗМОТ** | - Вреднување на информацијата на логистичкиот информационен систем и нивната меѓузависност со тековите на производството и логистиката;<br>- Интегрирање на деловната функција на маркетинг логистиката со потребите од намалување на просечната сума на ангажирани средства во фирмите и да се забрза нивната циркулација, како подлога во донесувањето на управувачките одлуки;<br>- Поставување и интеграција на логистичките информациони системи, нивната функционалност, принципи, структура и дизајнирање на модерната логистичка архитектура;<br>- Процесите на примена и реализација на логистичките информациски системи како управување, проучување, текови на информации и користење на новите информациски технологии |
| **ТЕМА БРОЈ 8: ЛОГИСТИЧКИ ИНФОРМАЦИИ И ТЕХНОЛОГИИ, СИСТЕМИТЕ КАКО ИНТЕГРИРАН ДЕЛ НА МАРКЕТИНГ ИНФОРМАЦИОНИТЕ СИСТЕМИ** | - Проучување на контролата на квалитетот како збир на повеќе правила преку кои се дефинира структурата и овозможува ефикасно одвивање на работните процеси во управувањето и развојот на бизнис логистиката во компаниите;<br>- Контролата на квалитетот како потреба за оптимална организација која истовремено овозможува максимална економичност во воспоставените организациски инструменти и |

| | |
|---|---|
| | успешно прилагодување на промените во деловното опкружување;<br>- Организациските правила при контрола на квалитетот во претпријатијата, кои се базираат на универзалните организациони правила, како што се ефективноста, ефикасноста, флексибилната целисходност и принцип на човекови права;<br>- Анализа на контролата на квалитетот во логистичкиот маркетинг менаџмент, базирана на разложување на главната задача на парцијалните задачи на планските нивоа до елементарно ниво. |
| **ТЕМА БРОЈ 9: КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ, УПРАВУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ЛОГИСТИЧКИОТ МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ** | - Значењето на логистичкиот организациски дизајн во зголемување на успешноста на работењето и влијанието на логистиката врз очекуваните резултати, економијата, материјалите, економичност на времето, трошоци на работењето и мерките за зголемување на успешноста во работењето;<br>- Позиционирањето на оптималната употреба на ресурсите во организацијата, диспозицијата и структурата на системите, висови системи од аспект на нивно настанување и карактеристики на елементите;<br>- Важноста и улогата на логистичките принципи на целисходност, ефикасност, флексибилност и принцип на хомеостази;<br>- Развивање на логистичкиот, организационен дизајн, како оперативна гранка, стратегиски врв, средна линија, техно структура и лице за поддршка. |
| **ТЕМА БРОЈ 10: ЛОГИСТИЧКИ ОРГАНИЗАВИОНЕН ДИЗАЈН, ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ** | - Зошто дизајност секогаш е во спрегата со областа на маркетингот, управувањето на бизнис сегментите, плановите и идеите на претпријатијата<br>- Како дизајнот влијае на искористеноста на ресурсите, материјалите, изворите што обезбедуваат информации, поддршка или користење алатки во спроведување на проектите на бизнисот<br>- Значењето на дизајнот како конверзија или трансформација на одделни платформи во бизнис логистиката, преку специјални активности<br>- Клучни активности на дизајнот во бизнис логистиката- развој, технологии, методи и однесување и нивно софистицирање |

| | |
|---|---|
| **ТЕМА 11: ДИЗАЈНОТ-ПРОДОЛЖЕНА ФАЗА НА БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА** | |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Од анализата на книгата може да се заклучи дека истата го покрива како теоретскиот, така и практичниот дел од програмата по споменатите предмети од студиските програми на Факултетот за економски науки. Притоа, обработените содржини целосно ја поклриваат програмата, бидејќи истите се на напредно ниво, предложената книга наполно соодветствува за квалитетно реализирање на предавањата и вежбите по наведениот предмет. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Рецезентите преку детална анализа, континуирани дискусии и размена на мислења за книгата која е предмет на рецензија за учебник, го делат ставот дека не се потребни никакви корекции на оваа публикација. |
| **Оцена на ракописот:** | Книгата со наслов „БИЗНИС ЛОГИСТИКА“ обработува современа и актуелна тема од аспект на економските, организациските и воопшто општествените науки. За пишување на делото е консултирана, синтетизирана и елаборирана селектирана литература од релевантни автори за областите од интерес. Сублимираните сознанија од анализираната проблематика во текстот, несомнено се корисни како за теоретичарите, така и за практичарите, со што авторите истовремено придонесуваат за развој и збогатување на научната и стручната литература во земјата, како и за унапредување на практиката.<br>Книгата им овозможува на студентите да се стекнат со соодветни знаења, умеења и способности, а со тоа ќе бидат подготвени за професионално менаџирање на домашниот и странскиот пазар, |

| | |
|---|---|
| | креирање соодветни ефективни и ефикасни стратегии и профилирање на професионален профил за потребите на стпанството и јавиот сектор. |
| **Категоризација:** | Учебник кој потполно соодветствува за реализација на наставата по предметот за кој е наменета. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Понудениот текст на книгата „БИЗНИС ЛОГИСТИКА“ од авторите Професор Емеритус Мирко Трипуноски, Проф. Д-р Лазар Арсовски, Д-р Маја Трупуноска, содржи актуелни сознанија на еден од најекспонираните светски, економски, политички и пазарни проблеми на современото модерно маркетинг менаџмент опкружување, како тековен и брзорастечки процес во секоја пора од општествено-економскота управување со ресурсите и нивно уредување.<br>Книгата „БИЗНИС ЛОГИСТИКА“ претставува квалитетен труд, во кој авторите на високо теоретско и научно ниво, во логичката целина, ја обработуваат и систематизираат проблематиката за која промоциите се поазни и често посакувани процеси.<br>Поради ова, рецензентите на Наставно-научниот совет на факултетот за Економски науки му предлагаат позитивна оценка за книгата „ БИЗНИС ЛОГИСТИКА“, од авторите Професор Емеритус Мирко Трипуноски, Проф. Д-р Лазар Арсовски, Д-р Маја Трупуноска, да ја прифати и одобри како учебник по предметите Бизнис логистика и Маркетинг логистика, каде што студентите на факултетот за економски науки ги изучуваат како задолжителни предмети во IV година. |

Во Скопје, __________ 2025 год. **Рецензенти:**

**Проф. Д-р Саво Ашталкоски** _______________

**Проф. Д-р Драшко Атанасоски** _______________

**Проф. Д-р Борче Сибиноски** _______________